МладинскиКултурен
Центар-Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2013

БИТОЛА, ЈАНУАРИ 2014 ГОДИНА

## ЗА МКЦ – БИТОЛА

Младински културен центар - Битола е младинска, непрофитна, граѓанска организација основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

**Долгорочни цели:**

- Развој на волонтерството и неформалната едукација;
- Развој на демократското и граѓанското општество;
- Развој на урбаната култура и продукција.

**Краткорочни цели:**

- Одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија;
- Подобрување  и јакнење на вештините кај младите;
- Поддршка и потикнување на граѓански иницијативи и кампањи;
- Поддршка и афирмација на урбаната култура.

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, културата и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година како и партнерска организација на двете најголеми светски мрежи на волонтерски организации The Alliance и Service Civil International - SCI. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ),  МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6 партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Охрид.

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет и Сојуз на младински работници, член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе,  Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Јадро - Асоцијација на  независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.

## ВОВЕД

За повеќе од 15 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Единаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а осум години организира доделување на национални волонтерски награди - златен, сребрен и бронзен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола веќе седум години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

Во последните неколку години, МКЦ – Битола вложува напори за позиционирање како сериозен актер и партнер во креирањето на јавните политики на локално и на национално ниво, најпрвин преку учество на дел од работниот тим во обуки за јакнење на капацитетот за мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. Работата на ова поле, МКЦ - Битола ја продолжува со учество во неколку национални проекти како локален партнер при што беше вклучена во изработката на 4 мониторинг извештаи (комуникации со јавност, јавни набавки, децнтрализација) кои се однесуваа на општините Битола, Демир Хисар, Новаци и Могила. Дополнително, МКЦ – Битола активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации, иницијатива за формирање на Национален младински совет).

На полето на креирање на јавни политики, МКЦ – Битола има развиено и реализирано и две самостојни иницијативи кои се поврзани со нејзините програми. Во рамките на проектот „Препознавање и афирмација на неформалното образование во Република Македонија“ кој се спроведуваше 2008 – 2010 година, МКЦ – Битола спроведе опсежно истражување за моменталната ситуација со неформалното образование во Република Македонија и ја публикуваше

анализата од истражувањето дополнета со препораки за унапредување на неформалното образование во нашата земја. Во 2013 година, во рамките на истражувачкиот проект „Волонтерите поддржуваат – поддржете ги волонтерите“, беше спроведено истражување и изработена кратка анализа за состојбата со волонтерското работење во Република Македонија со препораки за унапредување на волонтерската инфраструктура во нашата земја.

На крај, 2013 година ја обележа МКЦ – Битола како силна младинска и волонтерска организација преку големиот број успешно реализирани локални волонтерски акции со вклучување на повеќе од 85 младинци – волонтери, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

## КЛУЧНИ ПОСТИГНУВАЊА И РЕЗУЛТАТИ ВО 2013

Во 2013 година МКЦ - Битола забележа уште една година на успешно граѓанско делување, на што укажуваат постигнатите резултати:

1. Развиен и промовиран **локален волонтерски сервис (ЛВС):** обезбедени и реализирани тримесечни волонтерски позиции на 70 волонтери во јавни институции, државни органи, НВОи и локална самоуправа во 7 градови во Македонија. Беа вклучени вкупно **39 организатори на волонтерска работа** од кои **14 за прв пат потпишаа Меморандум за соработка** и ангажираа волонтери преку ЛВС. Организаторите на волонтерска работа имаа корист од над **16.800 работни часови** што волонтерите ги исполнија со нивниот ангажман (во просек околу 4 часа дневно). На **75% од волонтерите им беше продолжен волонтерскиот договор до септември 2013 година, а една третина од нив продолжија да примаат и волонтерски надоместок со средства на организаторите на волонтерска работа.**

2. **Од октомври 2013 година стартуваше новиот петти циклус на локалниот волонтерски сервис со 80 нови волонтерски позиции** со покриен волонтерски надоместок за тримесечно волонтирање, со поддршка на National Endowment for Democracy – NED.

3. **Од ноември 2013 година стартуваше дополнување на четвртиот циклус на на Локалниот волонтерски сервис со обезбедени 20 нови волонтерски позиции** во 5 институции од Битола кои работат со социјално загрозени и ранливи групи на граѓани. Двомесечниот надоместок за волонтерите беше покриен преку фондови на Швајцарската амбасада во Република Македонија.

4. Подобрен квалитет на живот во локалната заедница: реализирани **6 волонтерски акции со активна вклученост на 85 локални волонтери.**

5. Успешно реализиран **меѓународен тренинг курс *„Лидери, не следбеници“* со учество на 46 младински лидери од 15 европски земји.**

6. Поттикнат младински и граѓански активизам: **реализирани 6 јавни настани** (младински и граѓански дебати, хуманитарни и волонтерски акции и конференција) **со над 300 учесници.**

7. Преку програмата **Претходна правна помош** беа поттикнати граѓаните на општина Битола и околните општини за преземање акции за заштита на своите права пред судовите и пред другите органи на државната управа. Во 2013 година, преку оваа програма на МКЦ – Битола, укажана е претходна правна помош на 175 баратели. Дополнително, МКЦ – Битола од 2013 година е запишан во Регистарот на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

8. МКЦ - Битола како регионална канцеларија на ГА МОСТ беше вклучена во граѓанскиот мониторинг на локалните избори 2013 во 4 општини: Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци. Набљудувачите вршеа мониторинг над работата на изборните органи на локално ниво, кампањата на политичките субјекти, работата на општинските изборни комисии и процесот на едукација на изборната администрација. Вкупно беа акредитирани 291 набљудувачи за сите 4 општини и сите беа обучени како да се вклучат во граѓанскиот мониторинг во согласност со меѓународните стандарди за домашно набљудување на изборите.

9. Реализирано дванаесеттото издание на меѓународниот младински арт фестивал **Битола отворен град** од 26 - 29 јуни 2013. На големиот музички концерт битолската публика ги проследи настапите на DJ Michael Gray од Англија и Djane Nadine од Унгарија. Значаен белег на фестивалот оваа година му дадоа и манифестацијата **Трка на штикли** на Широк Сокак, по примерот на вакви манифестации во светските метрополи и **младинскиот меѓународен волонтерски камп Битола отворен град** кој оваа година беше домаќин на 10 волонтери од 5 европски земји.

10. Успешно реализиран **меѓународен тренинг курс за е-волонтирање „Направи го тоа, виртуелно**!“ со **учество на 25 учесници од 11 европски земји.**

11. На меѓународниот ден на волонтерите 5-ти декември, по осми пат беа доделени **националните волонтерски награди:** златен, сребрен и бронзен сертификат за волонтерски ангажман.

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ:

Во текот на 2013 година, МКЦ – Битола продолжи со развивање и реализација на проекти и активности во рамките на трите програми:

1. Волонтерство и неформална едукација
2. Развој на граѓанското општество
3. Култура

Развивањето на проектите и програмите претставува широко партиципативен процес на планирање врз база на потребите на корисниците и заедничка соработка со други граѓански организации и партнери од земјата и регионот. Притоа, главните компоненти на програмските активности за 2013 година беа насочени кон:

- Зајакнување на активизмот меѓу младите во локалната заедница преку волонтирање и неформално образование,
- Активно учество и организација на јавни дебати за клучни прашања за Македонија (евроинтеграции, високо образование, волонтерство, неформално образование, младински активизам),
- Поддршка за урбаната култура и продукција.

Програмата за 2013 година беше реализирана со поддршка на: фондацијата National Endowment for Democracy (NED), програмата Млади во акција на Европската комисија, Европската младинска фондација на Советот на Европа, Фондацијата отворено општество Македонија и Американската агенција за развој (УСАИД), Швајцарската амбасада во Република Македонија, Фондацијата Фридрих Еберт Македонија, Локалната самоуправа во Битола и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.



# ПРОГРАМА: ВОЛОНТЕРСТВО И НЕФОРМАЛНА ЕДУКАЦИЈА

## ЛОКАЛНИ ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИИ

### *1. Волонтерска поддршка на Global Game Jam во Битола*

Во рамките на одржувањето на Global Game Jam настанот во Битола, 6 волонтери од МКЦ – Битола се вклучија во неговото организирање во делот на логистичка поддршка на работилницата на тема „Креирање на игри“. Работилницата ја реализираше Камаи - медиа, компанија поддржана од Бизнис стартап центарот од Битола во рамките на проектот на УСАИД - Бизнис без граници.

Global Game Jam се одржува еднаш годишно, истовремено на преку 200 локации во над 60 земји од светот, во вид на 48 часовен маратон. Целта на овој глобален настан е да ги обедини сите кои креираат или имаат желба да креираат игри и да поттикне креативност, соработка и експериментирање.

### *2. Креативни работилници ЗА и СО децата од Завод за рехабилитација на слух, говор и глас од Битола*

Оваа акција на децата во Заводот им го направи денот поинаков - креативен, активен и забавен. Во акцијата учествуваа 7 волонтери на МКЦ – Битола. За време на работилниците волонтерите заедно со децата изработуваа украси и играчки од рециклирачки материјали.



***3. Логистичка поддршка на Меѓународниот младинскиот арт фестивал Битола отворен град 2013***

Во оваа акција се вклучија околу 30 волонтери на МКЦ - Битола кои 4 дена беа ангажирани и придонесоа за беспрекорна реализација на фестивалската програма. Волонтерите покриваа волонтерски позиции како рецепција на гости, техничка поддршка на настани, дистрибуција на промотивни материјали и други активности.

***4. Волонтерска акција за чистење на Националниот парк Пелистер***

Акцијата се реализираше на иницијатива на Асоцијацијата за чиста животна средина „Ајде Македонија!" во рамките на акцијата „Македонија без отпад 2013". Во акцијата се вклучија 12 волонтери на МКЦ – Битола, кои заедно со волонтерите на другите граѓанските здруженија ги чистеа патеките и местата за рекреација во Националниот парк Пелистер.





***5. Кампања за борба против гладот***

Во рамките на оваа кампања се реализираа индивидуални активности за прибирање на храна од нашето секојдневно окружување и хуманитарна поп арт изложбата “Open your mind - Open your pocket” на српскиот авангарден уметник Никола Данчевиќ. Дополнително, беше организирана целодневна акција во дел од големите маркети во Битола со која потрошувачите беа поттикнати да одделат мал дел од својата потрошувачка кошница за социјално загрозените семејства во Битола. Во кампањата беа вклучени околу 20 волонтери на МКЦ – Битола.

Благодарение на несебичниот ангажман на волонтерите на МКЦ – Битола и хуманоста на граѓаните на Битола, како резултат од оваа акција беа обезбедени 22 пакети со храна, кои се поделија на социјално загрозени семејства од Битола.

**6. Волонтерска акција за *обезбедување на долна облека за децата во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас – Битола***

Група од 10 волонтери одлучија да го потрошат своето слободно време и енергија за да обезбедат долна облека за децата од Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола. Во акцијата се вклучи и една девојка која организира хуманитарна акција поканувајќи ги своите другари и пријатели на роденден БЕЗ подароци – секој да донира средства по сопствена желба за акцијата на МКЦ - Битола**.** Девојката собра голема количина на хуманост од своите пријатели, па така, беше обезбедена долната облека за децата од Заводот. Хуманитарниот роденден е одличен пример за помош во заедницата, а децата од Заводот ѝ се многу благодарни.

## ЛОКАЛНИ МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ (ЛМИ)

МКЦ – Битола како локален координатор на проектот *„Локални младински иницијативи“* на Младинскиот образовен форум, 8 години ги координира активностите на младинскиот ЛМИ клуб при МКЦ – Битола кој брои 20 членови. Во рамките на клубот се организираат редовни **работилници за дебата** и програмата ***„Учиме право“*** со цел развивање на вештините на младите средношколци за аргументирано изразување и активизам. Во 2013 година, активностите на ЛМИ клубот дополнително беа збогатени со учеството во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието имплементиран од Македонскиот центар за граѓанско обарзование и Младинскиот образовен форум. Притоа, дел од членовите во ЛМИ клубот им предаваа дебата и разменуваа искуства за предностите да се учествува во дебатен клуб на средношколците од СОУ „Таки Даскало“ од Битола. Како резултат на оваа соработка, во СОУ „Таки Даскало“, средношколците кои ги посетуваа часовите по дебата, организираа јавна трибина со теза **„Средношколците (не) можат да се вклучат активно во волонтерскиот процес“** на која присуствуваа околу 40 средношколци, професори и претставници на медиумите.



Во декември 2013, членовите на ЛМИ клубот комплетно го осмислија и реализираа јавниот настан под име „**Сакам да дишам длабоко“.** Главна цел на овој настан беше подигање на гласот на младите околу состојбата со загадувањето на воздухот во Битола. Во настанот се вклучија околу 30 средношколци кои на креативен начин ја изразија својата загриженост за загаденоста на воздухот и организираа потпишување на петиција за поставување на повеќе мерни станици на територијата на Битола за мерење на загаденоста на воздухот.

## ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО

Во рамките на оваа програма се спроведуваа континуирани активности пред целната група за промоција на програмата Европски волонтерски сервис и промоција на летните волонтерски кампови за сезоната 2013 преку користење на социјалните мрежи и е-маил листи, како и директни контакти преку информативни средби и работилници организирани во средните училишта, универзитетот во Битола и во просториите на МКЦ - Битола.

Младинскиот културен центар – Битола како Волонтерски центар на Македонија секоја година го прославува 5-ти декември, меѓународниот ден на волонтирањето со активности преку кои го промовира волонтерството пред јавноста како општествено корисна дејност и ги стимулира младите луѓе да волонтираат. Секој 5 -ти декември луѓето од цел свет без разлика на возраст раса и култура го слават волонтирањето, се потсетуваат на суштината на волонтерската работа и си оддаваат признанија. Оваа година фокусот беше ставен на младите волонтери кои се носители на позитивните промени во локалните заедници под мотото: **МЛАДИ.ГЛОБАЛНО.АКТИВНИ.**






Програмата вклучуваше:

- Национална дебата „Волонтерите поддржуваат – поддржете ги волонтерите“.
- Доделување на национални волонтерски награди – златен, сребрен и бронзен сертификат за волонтерски ангажман за 2013

- Презентација на постигнувањата и резултатите на волонтерската програма на МКЦ – Битола
- Промоција на јубилејното десетто издание на електронскиот билтен „Волонтер“
- Доделување на благодарници за волонтерите на МКЦ – Битола
- Волонтерски квиз
- Волонтерска журка со музичката група *The Government – live unplugged*

## ЛОКАЛЕН ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС

Во рамките на проектот „Активно младинско учество на локално ниво – Локален волонтерски сервис“ во текот на месеците јануари – април 2013 година беше реализиран четвртиот циклус. Вкупно беа сместени 70 волонтери на тримесечно волонтирање со покриен надоместок за волонтерски трошоци. МКЦ-Битола во соработка со партнерските Волонтерски инфо точки (ВИТ) проектот го реализираше **во 7 градови низ Македонија: Битола, Скопје, Тетово, Охрид, Прилеп, Свети Николе и Кавадарци.** Корисници на волонтерските услуги беа единиците на локална самоуправа, судски и државни органи, јавни институции, подрачни министерства и државни агенции на локално ниво, како и граѓански организации кои работат со маргинализирани и ранливи групи. Вкупно беа вклучени **39 организатори на волонтерска работа** од кои 14 за прв пат потпишаа Меморандум за соработка и ангажираа волонтери преку ЛВС.

Организаторите на волонтерска работа имаа корист од над **16.800 работни часови** што волонтерите ги исполнија со нивниот ангажман (во просек околу 4 часа дневно). Поради извонредните резултати и позитивниот ангажман на волонтерите **на 75% од нив им беше продолжен волонтерскиот договор до септември 2013 година,** а една третина од нив продолжија да примаат и волонтерски надоместок со средства на организаторите на волонтерска работа.

Во рамките на активностите на ЛВС во 2013 година на 21 мај во хотел Холидеј Ин во Скопје МКЦ-Битола организираше **национална конференција „Активно младинско учество на локално ниво – Локален волонтерски сервис“.** На конференцијата зедоа учество преку 40 претставници на граѓански организации, релевантни државни органи и претставници на јавни институции и судски органи.





На конференцијата се поттикнаа теми како што се разликите помеѓу волонтер и практикант, договор за волонтирање и договор за дело, унапредување на законот за волонтерство, корпоративно волонтирање, а на крај се извлекоа заклучоци и препораки за унапредување на волонтерството во Република Македонија. На конференцијата беше истакнато дека волонтерството не е начин за решавање на невработеноста, но е позитивна пракса за личен развој на волонтерите, за зголемување на ефикасноста на институциите и за развој на локалните заедници.

Во ноември 2013 година, со поддршка на Швајцарската амбасада во Република Македонија, МКЦ-Битола обезбеди **20 нови волонтерски позиции во Битола.** Проектот насловен како **„Волонтирање за социјални промени“** овозможи двомесечно волонтирање на 20 волонтери во јавни институции и граѓански организации кои работат со лица со посебни потреби и ранливи и маргинализирани групи во Битола.




Во рамките на петтата фаза од ЛВС, поддржана од NED, МКЦ - Битола во ноември 2013 година објави јавен повик за пополнување на **80 нови волонтерски позиции.** ЛВС продолжува да функционира со **нова и подобрена**

**датабаза** на волонтери и институции која наскоро ќе биде достапна и на **новиот веб портал за волонтирање** кој е во изработка. Очекуван почеток на волонтирање за новиот циклус е во текот на месец јануари 2014 година.

## ИСТРАЖУВАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА КРАТКА АНАЛИЗА ЗА СОСТОЈБАТА СО ВОЛОНТЕРСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Истражувањето и подготовката на кратка анализа се реализираше во рамките на проектот за работни стипендии **„Волонтерите поддржуваат – поддржете ги волонтерите“,** со поддршка на ФООМ преку фондови на УСАИД.

Целта на кратката анализа е да ја прикаже моменталната состојба со волонтерското работење во јавните институции во Република Македонија и да влијае на креирањето на нови и подобрени политики за промоција и развој на волонтирањето. Документот предлага алтернативи за надминување на некои од слабостите во Законот за волонтерство и Стратегијата за унапредување и развој на волонтерството и препораки до надлежните институции за имплементација на политиките поврзани со волонтерството со цел придонес во креирање на одржлива волонтерска инфраструктура во Република Македонија.

## НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА „ВОЛОНТЕРИТЕ ПОДДРЖУВААТ – ПОДДРЖЕТЕ ГИ ВОЛОНТЕРИТЕ“

Дебатата се реализира со поддршка на ФООМ преку фондови на УСАИД, во рамките на програмата на МКЦ – Битола за прослава на 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерството на 4 – ти декември 2013 во хотел Епинал во Битола. На дебатата се презентираше кратката анализа на МКЦ – Битола за состојбата со волонтерското работење во Република Македонија и препораките за имплементација на политиките поврзани со волонтерството и се отвори дискусија за клучните предизвици поврзани со подобрување на волонтерските практики на национално ниво.





## МЕЃУНАРОДЕН ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС

МКЦ-Битола и во 2013 година продолжи со администрирање на краткорочни и долгорочни меѓународни волонтерски размени и организираше 2 меѓународни волонтерски кампови.

**Волонтерски камп Битола отворен град 2013 (22.06.2013 – 01.07.2013)**

На овој камп учествуваа **10 волонтери од 5 земји (Македонија, Србија, Црна Гора, Полска и Словенија).** Кампот се состоеше од два дела: логистичка поддршка на фестивалот и подготовка на интернационален перформанс – невидлив театар, кој беше изведен на отворено на Широк Сокак во Битола. Волонтерите беа максимално вклучени во сите настани од програмскиот дел на фестивалот и тоа во поставување на изложби, дистрибуција на летоци и постери за фестивалот, поставување на музичка и бинска опрема во текот на концертните денови и други логистички активности.






**Волонтерски камп Слепче 2013 (21 – 29.07.2013)**

Кампот во манастирот во Слепче оваа година се организираше по шести пат и учествуваа **12 волонтери од 9 европски земји (Чешка, Полска, Холандија, Србија, Хрватска, Шведска, Шпанија, Украина и Унгарија).** Кампот беше поделен на два дела - работен и едукативен дел. Работниот дел вклучуваше помагање при подготовките во манастирот за правење мед, помош при реновирањето како и грижа околу чистотата на манастирскиот комплекс. Едукативниот дел се состоеше од екскурзии низ манастирите во пелагониско – преспанскиот регион (манастирот во село Журче и манастирот во околината на Отешево) и екскурзии во Битола и Демир Хисар. Волонтерите имаа прилика да се запознаат со различните култури и традиции на етничките заедници во Република Македонија.

**Меѓународна младинска размена “In the mood for a smile” (15 – 31.07.2013)**

Младинската размена на која учествуваа 6 волонтери на МКЦ - Битола беше организирана во околината на Бриндизи, Италија. Заедно со млади од Полска, Словачка, Албанија и Италија развиваа кловновски вештини и придонесоа за разубавување на деновите на лицата со посебни потреби во локалната заедница.



## ТРЕНИНГ СЕРВИС

Во рамките на тренинг сервисот на МКЦ – Битола, континуирано се работи на подобрување на знаењата и вештините на младите во локалната заедница преку обуки за волонтерски менаџмент, проектен циклус и меки вештини. Во периодот јануари - декември 2013 се одржуваа редовни работилници за членовите на МКЦ – Битола и 2 меѓународни тренинг курсеви.

**Меѓународен тренинг курс *„Лидери, не следбеници“*** од 16 – 24 март 2013 во Битола, со учество на **46 младински лидери од 15 европски земји.** Обуката беше финансирана од Европската Комисија Програма „Млади во акција“. Главна цел на обуката беше развој на вештините на младите за лидерство во волонтерските активности, иницијативи и проекти. Во текот на седумдневната обука се разработуваа теми за лидерски вештини, волонтерски менаџмент, комуникациски вештини и прибирање на средства како и развој на нови партнерски иницијативи на европско ниво. Обуката понуди особена можност за неформално учење во интеркултурна средина со што се поттикнува граѓанското младинско учество преку партнерство и соработка на младинските лидери.




МКЦ - Битола и партнерските организации (SEEYN – Босна и Херцеговина, Beyond Barriers - Албанија и CVS – Бугарија) ја организираа **меѓународната обука за Е - волонтирање** што се одржа од 7 – 14 април 2013 година во Битола под наслов **„Направи го тоа, виртуелно!“.** Дваесет и пет учесници од 11 европски земји ги подобруваа своите вештини за поголема ефикасност на волонтерските центри преку воведување на програми за виртуелно волонтирање како нов метод за вклучување на млади луѓе – волонтери. На обуката учесниците се здобија со практични знаења како да ги користат социјалните мрежи како алатка за менаџирање со волонтери и како да креираат виртуелни волонтерски позиции.




Обуката беше поддржана од Европската младинска фондација на Советот на Европа и Фондацијата Фридрих Еберт Македонија.

 

## ПРОГРАМА: РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

МКЦ **-** Битола активно соработуваше со други партнерски организации преку различни граѓански и младински иницијативи.

**Членство во национални младински платформи**

Оваа година, како продолжение на активното учество во формирањето и развивањето на 2 иницијативи за младинско здружување од минатите години, МКЦ – Битола беше дел од основачките собранија на две исклучително важни платформи за унапредување на статусот на младите во Република Македонија: **Националниот младински совет -** платформа на 55 младински организации од Македонија која ги претставува интересите и потребите на младите луѓе и ќе обезбеди вклучување на младите во процесот на донесување одлуки **и Сојузот на младински работници (СМР)** како регулаторно тело за грижа за младинските политики, младинската поддршка и професионализација на младинската работа. МКЦ-Битола има и член во Управниот одбор на СМР.

**Проект *Бона менте***

МКЦ – Битола е локален партнер во проектот **“БОНА МЕНТЕ: Подобрување на вклученоста на немнозинските заедници преку Комисиите за односи меѓу заедниците”** имплементиран од страна на здружението Институт за развој на заедницата од Тетово во партнерство со Заедницата на единиците на локална самоуправа (ЗЕЛС) и девет граѓански организации од Република Македонија. Во рамките на проектот, МКЦ – Битола се вклучи во истражувањето за испитување на перцепциите на граѓаните од седум етнички заедници околу примената на

начелото на соодветна и правична застапеност во општините Долнени и Крушево и исто така ја мониторираше работата на Комисиите за односи меѓу заедниците во овие општини.

**Граѓанска иницијатива *Фото глас***

МКЦ – Битола е локален партнер во проектот **„Фото глас"** координиран од Центарот за современа уметност – Скопје. Целта на проектот е придонес во решавање на локланите проблеми преку употреба на иновативни методи за комуникација (фотографија/слика). Фото гласот служи да иницира брзо и едноставно решавање на локалните проблеми (инфраструктура, секојдневниот живот, здравство, образование, екологија и култура) преку нивно јавно прикажување со помош на фотографија и посочување на проблемот до надлежните институции.

Во 2013 година од страна на МКЦ – Битола се објавени/постирани 12 локални проблеми, за 9 од нив се испратени писма до институции, а за 5 е интервенирано од страна на надлежните институции и истите се санирани како резултат на оваа иницијатива.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ГА МОСТ

МКЦ - Битола како регионална канцеларија на ГА МОСТ беше вклучена во граѓанскиот мониторинг на локалните избори 2013 во 4 општини: Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци. Набљудувачите вршеа мониторинг над работата на изборните органи на локално ниво, кампањата на политичките субјекти, работата на општинските изборни комисии и процесот на едукација на изборната администрација. Вкупно беа акредитирани 291 набљудувач за сите 4 општини и сите беа обучени како да се вклучат во граѓанскиот мониторинг во согласност со меѓународните стандарди за домашно набљудување на изборите. На самиот изборен ден набљудувачите беа распоредени на избирачките места и известуваа за текот на изборниот процес во двата изборни круга.

## ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

МКЦ - Битола е овластено здружение од Министерот за правда за давање на претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош.

Во 2013 година, преку оваа програма на МКЦ – Битола, укажана е претходна правна помош на 175 баратели. Најчесто се дава општа правна информација и совет за заштита на права предвидени со законот за социјална заштита. Исто така, опфатени се и правата од семејни односи и заштита на права на децата. Покрај оваа основна дејност, во 2013 година, МКЦ - Битола во соработка со партнерите од мрежата на овластени здруженија за претходна правна помош, активно се вклучи во промовирање на пристапот до правда на граѓаните преку веб страницата www.pristapdopravda.мк., како и преку дистрибуирање на публикацијата „Водич за пристап до правда" во

издание на ФООМ до соодветните институции и до граѓаните на Битола. МКЦ – Битола преку оваа програма активно учествуваше во  подготовката на извештајот „Анализа за примената на ЗБПП за периодот 2010 – 2012“ издадена од ФООМ.

Дополнително, МКЦ – Битола од 2013 година е запишан во Регистарот на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

# ПРОГРАМА: КУЛТУРА

## МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2013

МКЦ – Битола оваа година го реализира дванаесетото издание на меѓународниот младински арт фестивал Битола отворен град во периодот 26 – 29 јуни 2013. Фестивалот го одбележа главниот музички настан на Широк Сокак со настапот на еден од најпочитуваните и најбараните музички уметници на глобалната музичка денс сцена **DJ Michael Gray** од Англија и една од најангажираните женски диџеи **Djane Nadine** од Унгарија.







Фестивалската програма вклучуваше и поп арт изложба, креативни работилници за цртање на лице и тело, работилници за театар на невидливите како и концерт на музичките групи **Spank** од Битола,, српскиот бенд **Страх од Цеки Чена** и предводниците на алтернативниот бран од Босна и Херцеговина, извонредните **Billy Andol.**

Дел од новиот концепт на ова фестивалско издание беше манифестацијата **Трка на штикли** на Широк Сокак, по примерот на слични вакви манифестации кои се организираат во светските метрополи. Оваа модерна атракција беше широко прифатена од битолската публика и предизвика голем медиумски интерес.







Фестивалските содржини собраа над три илјадна публика и претставуваа еден од најрепрезентативните културни настани во рамките на Битолското културно лето.

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЏЕЗОТ 2013

По повод 30-ти април, меѓународниот ден на џезот, УНЕСКО клубот при МКЦ - Битола организираше концерт на **Иван Иванов Квартет** во кафе бар Порта Џез во Битола. Настанот беше дел од глобалната акција за прослава на меѓународниот ден на џезот кој вклучува настапи и концерти во повеќе од 100 земји во светот. Овој ден ги сплотува нациите и општествата прославувајќи ја уметноста на џезот, потенцирајќи ја неговата важна улога во охрабрувањето на дијалогот меѓу културите и цивилизациите и промовирајќи го човечкото достоинство.






## ПОДДРШКА НА ИЗДАВАЊЕТО НА ЦД НА МУЗИЧКАТА ГРУПА DEADSHOT

Како дел од поддршката на млади уметници, МКЦ-Битола го помогна издавањето на првото музичко ЦД на битолската група **Deadshot.** Промоцијата на музичкото издание "**Something wrong in our beliefs"** беше реализирано во октомври 2013 година.

## ПОП АРТ ИЗЛОЖБА „OPEN YOUR MIND - OPEN YOUR POCKET "

Изложбата на младиот автор **Никола Данчевиќ** од Србија беше поставена во просториите на МКЦ – Битола и имаше продажен карактер. Желбата на авторот беше собраните средства од продажбата да бидат донирани или искористени на хуманитарен начин. Затоа, изложбата беше организирана како дел од кампањата на МКЦ - Битола за борба против гладот под мотото: **"Open your mind - Open your pocket" – со уметност во борба против гладот**.

